## ПОЈАСНУВАЊЕ НА

## ФАКТУРАТА ЗА ИСПОРАЧАНА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА

Фактурата за испорачана топлинска енергија содржи повеќе податоци со цел корисниците да ги имаат сите релевантни информации кои се битни за дефинирањето на износот за наплата.

Системот за наплата на топлинска енергија преку мерење на топлинската енергија на ниво на објект (мерно место) и распределба на вкупниот трошок за греење на мерното место на секој корисник кој добива топлинска енергија од тоа мерно место е релативно сложен и поради тоа неопходно е во фактурата да се содржани сите елементи кои се битни за овој систем.

Распределбата на вкупниот трошок за греење на мерното место на секој поединечен корисник во објектот приклучен на тоа мерно место во моментот се врши врз основа на отоплуваната површина кај секој корисник, за станбени корисници или врз основа на ангажираната топлинска моќност кај секој корисник за деловни корисници.

Во објекти каде постојат и двете категори на корисници, станбени и деловни, и каде испорачаната топлинска енергија се мери со заеднички мерач, поделбата на енергијата помеѓу станбениот и деловниот дел од објектот, се врши врз основа на ангажираната топлинска моќност во објектот за станбените и за деловните корисници.

Со вградувањето на мерни уреди кај секој корисник во објектот, распределбата на вкупниот трошок за греење на ниво на објект на секој корисник во објектот ќе се врши согласно измерените величини на вградените уреди. Со тоа ќе биде можно секој корисник да определи каде и кога сака да го грее својот простор, а со тоа и да го регулира износот кој треба да го плати за греење.

Вградувањето на овие мерни уреди се очекува да се реализира до почетокот на наредната грејна сезона, 2009/2010.

Фактурата за испорачана топлинска енергија е поделена на неколку целини.

Целините еден до четири, во сина боја, содржат податоци кои се однесуваат на мерното место преку кое на корисникот му се мери испорачаната топлинска енергија.

Целините од пет до осум, во црвена боја, содржат податоци и пресметки кои се однесуваат на корисникот за кој се изготвува фактурата.



ТоплификацијА А.Д.-Скопје
рок за плаќање: 17-11-2008
наплатен пункт:
датум на фактурата: 07-11-2008
сметка за месец: 10.2008
Комерцијална банка А.Д. - Скопје • Жиро с-ка 300000000133993
Стопанска банка А.Д. - Скопје • Жиро с-ка 200000091096863
Тутунска банка А.Д. - Скопје • Жиро с-ка 210040617990176
ЕДБ: MK4030994122666

ФАКТУРА ЗА ИСПОРАЧАНА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА БРОЈ: 430458 10 08 6
[*] АВАНСНА ПРЕСМЕТКА [ ] ПРЕСМЕТКА ПО МЕРАЧ
ПОДАТОЦИ ЗА МЕРНО МЕСТО 14721060211

**1.**

претходна грејана сезона
Испорачана топлинска енергија на ниво на мерното место (E0) 427256.[kWh]
Средна надворешна температура 5.66 [C] , работни саати на системот 2774.[h]
Вкупно за станбените корисници:
-грејна површина на крајот на сезона (M0) 3335.97(м2)
-за 45 корисници, инсталирана 404.238[kW], ангажирана (C0) 392.660 [kW] моќност
Вкупно за деловните корисници:
-за 2 корисници, инсталирана 9.040[kW], ангажирана (Д0) 9.180 [kW] моќност

**2.**

тековна наплата
Вкупно за станбените корисници:
-грејна површина за тековна наплата (M1) 3237.25(м2) 3146.82(м2)
-за 43 корисници, инсталирана 392.275[kW], ангажирана (C1) 381.317 [kW] моќност
Вкупно за деловните корисници:
-за 2 корисници, инсталирана 9.045[kW], ангажирана (Д1) 9.045 [kW] моќност

**3.**

цени за станбени корисници и климатски податоци за фактуриран период
фиксни трошоци (Ф) 836.68013 [ден/kW], променливи трошоци (П) 2.78411 [ден/kWh]
Средна надворешна температура 13.50 [C], работни саати на системот 185 [h]

**4.**

податоци од мерач на топлинска енергија на мерно место во грејна сезона
период 15.10.08 - 27.10.08 почетна 427256.[kWh], крајна 438678. [kWh]
потрошена енергија во контролираниот период (E1) 11422. [kWh]
потрошена енергија од почеток на грејната сезона 11422. [kWh]

**5.**

ПРЕСМЕТКА ЗА СТАНБЕН КОРИСНИК 430458 ПЕТРОВСКИ ПАВЛЕ
книжни ноти

**6.**

пресметка за тековна година
Основ за распределба грејна површина (Г) 94.79(м2)
Пресметка на износот за рата:
(( Ф * C0 + П * E0 * C0 /(C0 + Д0)) / M0 ) * Г / 12 рата 3,530.50 ден
Пресметка на трошок во контролиран период:
(( Ф* C1* 13. /183 +П*E1 *C1 /(C1 + Д1)) /M1 ) * Г 1,618.50 ден

**7.**

состојба заклучно со оваа фактура
За грејната сезона 08/09 нето-фактурирано 10,591.50 ден., потрошено по мерач 1,618.50 ден., нето-салдо 8,973.00 ден.

**8.**

неплатено:
05.08 3065.,06.08 2225.,09.08 4166.,
Износ : 3,530.50 ден
ДДВ18%: 635.50 ден
Камата: 0.00 ден
Вкупно: 4,166.00 ден
ТРП 01/33-2.01/Рев.01

**9.**

Фактура: 430458 10 08 6
Вкупно: 4,166.00 ден
ТоплификацијА А.Д.-Скопје

## 1.

Првата е целина во која се дефинирани податоци од претходната грејна сезона. Овие податоци се битни за дефинирање на авансните сметки во тековната грејна сезона и за споредба на испорачаната топлинска енергија во претходната грејна сезона во однос на тековната.
Во оваа целина се дадени:

- Вкупната испорачана топлинска енергија на мерното место во претходната грејна сезона (**Е0**)
- Средна надворешна температура во текот на претходана грејна сезона
- Вкупно време на работа на системот во претходна грејна сезона
- Вкупен број активни станбени корисници во претходна грејна сезона
- Вкупен број активни деловни корисници во претходна грејна сезона
- Вкупната активна грејна површина на мерното место за категоријата становање (**М0**)
- Вкупна инасталирана и ангажирана (**С0**) моќност за категоријата становање
- Вкупна инасталирана и ангажирана (**Д0**) моќност за категоријата деловен простор

Со податоците од оваа целина се дефинира авансната сметка за објектот, за месеците август, септември, октомври и ноември.
Основа за дефинирањето на авансната сметка е потрошувачката на енергија во претходната грејна сезона и цените на топлинската енергија на почетокот на плаќањето за новата грејна сезона (август).

Корисен податок од оваа целина е и бројот на активни корисници во објектот. Со тоа секој корисник познавајки го реалниот број на станови, добива информација колку стана во објектот се исклучени.

Освен тоа овие податоци може да се користат и за споредба на потрошувачката на топлинска енергија во објектот по сезони и условите во кои таа е остварена, средната надворешна температура и вкупното време на работење на системот.

## 2.

Втората целина од фактурата дава информација за битните податоци од објектот (мерното место) за тековната наплата, односно за тековната грејна сезона.
Во оваа целина се дадени:

- Вкупниот број на станбени корисници
- Вкупниот број на деловни корисници
- Вкупната активна грејна површина на мерното место за категоријата становање (**М1**)
- Вкупна инасталирана и ангажирана (**С1**) моќност за категоријата становање
- Вкупна инасталирана и ангажирана (**Д1**) моќност за категоријата деловен простор

Овие податоци се потребни за да се подели топлинската енергија помеѓу категориите станбени и деловни корисници во тековната грејна сезона. Тоа се реализира со формулата во шестата целина од фактурата.

3.

Третата целина од фактурата ги содржи податоците за цените за станбените корисници и тоа како за фиксниот дел од цената така и за променливиот дел од цената, согласно одлуката на РКЕ. Освен тоа во оваа целина се и податоците за средната надворешна температура во периодот за кој се прави фактурата и времето на работа на топланите во истиот период.
Во оваа целина се дадени следните податоци:

- Фиксен дел од цената за категорија становање (**Ф**)
- Променлив дел од цената за категорија станвање (**П**)
- Средната надворешна температура во периодот за кој се изработува фактурата
- Вкупно работни часови на системот во периодот за кој се изработува фактурата.

Согласно тарифниот систем, доколку мерачот на топлинска енергија е расипан или неможе да се прочита, топлинската енергија испорачана на мерното место се пресметува врз основа на средната надворешна температура во периодот, вкупните работни часови на системот во периодот и ангажираната топлинска моќност на мерното место.

## 4.

Четврта целина од фактурата ги содржи податоците за испорачаната енергија на ниво на мерно место.

Дадени се датумите на читање на почетната и крајната состојба и ако има повеќе читања во месецот исто така датумите и состојбите на мерачите на сите читања.

Во долниот дел на оваа целина е даден податокот за испорачаната енергија на мерното место во периодот за кој се прака фактурата и податок за вкупно испорачаната енергија од почетокот на грејната сезона.

Овие информации се корисни за проверка на испорачаните енергии во објектот во одредени временски интервали.

Проверката може да се направи со непосреден увид на состојбата на мерачот на мерното место на денот на читањето или по денот на читањето. Доколку проверката се прави по денот на читањето состојбата на мерачот при таа проверка, состојбата на мерачот не смее да биде помала од онаа која е запишана на датумот на читање. Додатно може да се оцени со таа контрола дали разликата помеѓу денот на читање и денот на контрола е логична со оглед на потрошувачката на објектот во претходниот период и остварените климатски услови и време на работа на топланите од денот на читање и денот на контрола.

## 5.

Петтата целина од фактурата ги содржи книжните ноти (информации) со кои корисникот се задолжува или се раздолжува заради промени кои настанале во објектот или заради било каква грешка при изработката на фактурите.

# 6.

Шестата целина ја дава пресметката за тековната финансиска година (од август тековната година до јули следната година) која е поврзана со тековната грејна сезона (октомври тековната година до април следната година).

Во оваа целина првата информација е основот за поделба на вкупните трошоци за греење на мерното место. Во моментот тој е квадратурата на станот, а подоцна ќе биде измерени единици на уредите вградени во становите.

Втората информација во оваа целина е начинот на пресметка на износот на авансната рата за месеците август, септември, октомври и ноември.
Авансната рата се пресметува врз основа на потрошувачката на топлинска енергија на мерното место во претходната грејана сезона (ЕО) и ангажираната моќност за станбени корисници (С0).

Согласно формулата ратата се состои од два дела.

Еден дел кој потекнува од ангажираната моќност за станбените корисници **Ф*СО** и втор дел кој потекнува од потрошената енергија во станбените корисници **П*Е0*С0/(СО+Д0)**.

Во вториот дел односот **СО/(СО+Д0)** го дефинира делот од енергијата кој на мерното место се троши за станбените корисници, доколку на мерното место има и станбени и деловни корисници. Доколку на мерното место има само станбени корисници овој однос е единица и не влијае на пресметката.

Сумата на овие два дела го даваат вкупниот износ за греење кој треба да се плати на мерното место за станбени корисници. Кога тој износ се подели со вкупниот износ на отоплувани метри квадратни на мерното место **(М0)** се добива износот кој треба да се плати за **еден м2** отоплувана површина. Кога последниот износ се помножи со вкупната квадратура за греење на корисникот **(Г)** се добива износот кој би се платил за една година. Кога тој се подели со 12 се добива износот на ратата која се фактурира авансно за секој станбен корисник на мероното место во месеците од август до ноември. Ова важи за корисници кои плаќаат во текот на цела година, со 12 фактури.

Ако корисник се приклучи или исклучи во текот на грејната сезона се зема во обзир од кога корисникот влегува или излегува од циклусот за наплата на ниво на цела грејна сезона.

Потполно идентична е пресметката за трошокот за секој корисник во контролираниот период во зависност од потрошувачката на енергија (Е1) остварена на мерното место во контролираниот период со тоа што наместо податоците од претходната грејна сезона С0, ЕО, Д0, М0, се ставаат податоци од тековната грејна сезона С1, Е1, Д1, М1 и за пресметка на делот кој потекнува од ангажираната моќност се вовоедува однос А/183, каде А е број на денови за кои се изработува сметката, а 183 е бројот на денови за греење во просечна грејна сезона. Со овој однос се пресметува фиксниот дел од цената за контролираниот период.

# 7

Целината седум содржи податоци кои се најбитни за корисникот. Во оваа целина се дадени податоците за:

- **нето фактурираниот износ за тековната грејна сезона**,

- **стварниот трошок на корисникот согласно испорачаната топлинска енергија на мерното место до периодот за кој се испорачува фактурата** и
- **нето-салдото на корисникот заклучно со испорачаната** фактура.

Од овие податоци корисникот занае:

- Колку вкупно му е фактурирано заклучно со последната фактура
- Колку е вкупниот трошок заклучно со последната фактура
- Од расликата на двете претходни вредности се добива **нето-салдото на корисникот.**

Доколку **нето-салдото** на корисникот е **позитивно** тоа значи дека на корисникот заклучно со последната фактура му е фактурирано повеќе одколку што е испорачано топлинска енергија за корисникот на мерното место.
Нето-салдото е позитивно и расте во месеците август - септември, кога корисникот плаќа аванс за следната грејна сезона, а не добива греење.
Во октомври и ноември нето салдото е сеуште позитивно, но во принцип вредноста на истото се намалува, бидејќи во овие два месеца се испорачува топлинска енергија на корисникот.
Во месеците август, септември, октомври и ноември се испорачуваат **авансни фактури** во кои износот е дефиниран врз основа на испорачаната енергија на мерното место во претходната грејна сезона и врз основа на цените на енергија за тековната сезона.
Во декември се испорачува фактура со која се израмнува вкупно фактурираниот износ со износот кој корисникот треба да го плати врз основа на стварно испорачаната топлинска енергија на мерното место и врз основа на цените за топлинската енергија кои важеле во периодот август-декември.

Согласно на тоа декемвриската фактура може да биде **поголема, помала или еднаква на фактурите во месеците од август до ноември**, во зависност од испорачаната топлинска енергија во периодот октомври-декември и од проценката за износот кој се фактурирал во периодот август-ноември.

Доколку **нето-салдото** на корисникот е негативно значи дека на корисникот му е вкупно фактуриран помал износ од износот кој тој реално треба да го плати согласно испорачаната енергија заклучно со последната испорачана фактура.
Нето салдото ќе биде **негативно** од **јануарската фактура** па се до последната фактура за тековната сезона, тоа е фактурата за месец јули.
Тоа значи дека од јануари до јули корисникот постојано има поголем долг кон испорачателот на топлинска енергија од износот кој до тој момент му е фактуриран. Заклучно со јулската сметка се израмнува фактурираниот износ и износот кој корисникот треба да го плати согласно вкупно испорачаната топлинска енергија на мерното место од кое тој се снабдува со енергија.

## 8

Во осмата целина во крајниот десен дел се дадени вкупниот износ за фактурирање без ДДВ, износот на ДДВ, износот на каматата за закаснето плаќање на претходните платени фактури и вкупниот износ кој треба корисникот да го плати по оваа фактура.

Левиот дел од осмата целина не секогаш содржи информации. Овој простор е предвиден снабдувачот со топлинска енергија да го информира корисникот за одредени работи кои се битни за корисникот, а врзани со тековната, претходните или идните фактури.

**9**

Се користи од страна на нашите наплатни пунктовни, банките и пошта при наплата на фактурата.

**Топлификација АД Скопје**